UNITED NATIONS
NORTH MACEDONIA

# БИЛТЕН ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

12

# ЈУН 2021



## НАСЛОВИ

**Уводник:** регионална соработка стр **1**

ОН активности стр **2 и 3**

**Национална развојна стратегија** стр **4**

**Во фокус** стр **4**

## ПОВАЖНИ НАСТАНИ

### ЈУНИ

**3-17** UN Women ги поддржаа општините Куманово, Гази Баба и Ѓорче Петров во изработката на стратегии и акциски планови за родова еднаквост преку работилници за стратешко планирање со меѓуресорските работни групи за родово одговорно буџетирање.

**4** ФАО и Кабинетот на заменик претседателот на Владата задолжен за економски прашања организираа работилница за валидација на проценката на потребите за климатските промени во контекст на развојот на работната програма за Зелениот климатски фонд (ЗКФ) за Северна Македонија.

**7** Заеднички онлајн настан на ФАО и СЗО на Светскиот ден на безбедноста на храната - „Безбедноста на храната во контекст на одржливите системи на храна: Движејќи се напред кон здраво утре во Европа и Централна Азија".

**7-11** Проектот за аеродромска комуникација на УНОДЦ-СЦО-ИНТЕРПОЛ (AIRCOP) оствари средба со високи претставници од Северна Македонија и ИНТЕРПОЛ за да ги финализира следните чекори за воспоставување на Заедничката работна група за аеродромски проверки и пресретнување (JAITF) на Меѓународниот аеродром во Скопје.

**8-29** ФАО и Националниот назначен орган организираа дискусии во фокус-групи со субјекти од приватниот сектор за климатско финансирање и инвестиции во контекст на Зелениот климатски фонд.

**11** УНОДЦ оствари средба со обвинители од Јавното обвинителство на Северна Македонија за да разговараат за заеднички настан во врска со меѓуинституционалната размена на информации во случаи поврзани со огнено оружје.

**23** Работилница за родово одговорни буџети за Клубот на пратенички и Комисијата за еднакви можности за жените и мажите.

www.facebook.com/1un.mk

www.twitter.com/1UN_MK

## УВОДНИК од постојаниот координатор на ОН

Регионалната соработка е клучен аспект на одржливиот развој, бидејќи може да ја забрза економијата, да обезбеди мирен и просперитетен развој и да обезбеди решенија за прашања што излегуваат од рамките на границите, и ми причинува задоволство што неодамна беа преземени неколку регионални иницијативи. Да споменам само неколку од нив - неодамнешното укинување на давачките за роаминг на Западен Балкан или поедноставените процедури за преминување на границите. Сите овие иницијативи, договорени меѓу раководствата од регионот, реално го подобруваат квалитетот на животот на сите граѓани низ целиот регион и се одлично забрзување на економскиот развој.

Неодамнешната конференција „Преспа форум за дијалог", каде што се обединија лидерите од сферата на политиката, економијата и граѓанското општество, како и младите од целиот регион, Европа и пошироко, исто така претставува одличен пример. Ова е најголемата меѓународна конференција организирана од Северна Македонија, којашто отвора нова важна платформа за дијалог и градење мостови меѓу земјите од Западен Балкан и пошироко, преку промовирање на мирни решенија засновани на консензус и дијалог за преостанатите отворени прашања на регионалната соработка. Би сакала да им честитам на Министерството за надворешни работи и на Владата на Северна Македонија за нивната иницијатива и успешна организација на оваа конференција што ги приближува земјите од регионот.

Не помалку важна е прекуграничната соработка за животната средина. Со зголемените ризици од климатските промени, како што се недостиг на вода и поголеми природни катастрофи, регионалната соработка во оваа област ќе продолжи да добива на важност. ОН работат во три земји на развој на интегрирано управување со прекуграничните ризици од поплавување на сливот на реката Дрим, како и на мерки за ублажување на климатските промени. Поголемата прекугранична соработка во управувањето со Охридското, Преспанското и Дојранското езеро е исто така важен предизвик што треба да се надмине во следниот период.

Покрај тоа, важен е и придонесот на младите за одржлив и мирен регионален развој. Користејќи го нивниот голем потенцијал, ОН промовира младински ангажман, активизам и начини за промени. Ги здруживме силите за да се создадат можности да се слушне гласот на младите и тие да влијаат на лидерите од регионот и предизвиците преку иновативни и креативни начини, односно, иницијативи како



што е Регионалната канцеларија за соработка со млади (RYCO), Образовната врсничка младинска мрежа (Y-Peer), Регионалната програма за локална демократија (ReLOoaD) и други. Овие иницијативи се насочени кон постигнување на долгорочно влијание, и имаат за цел да се негува довербата и кохезијата во и меѓу заедниците на Западен Балкан, оспособувајќи ги младите да ги прифаќаат вредностите на различностите, толеранцијата и вклученоста. Врз основа на моделот Y-Peer, младите од различно потекло, особено оние на кои не може лесно да им се пристапи, имаат шанса да се запознаат, да се спријателат и да научат од своите врсници како да градат и одржуваат безбедна и мирна средина и да градат трајни мостови меѓу себе и своите земји.

Се разбира, преостануваат уште многу работи што можат да се направат. Сè уште претстои многу работа во однос на поголемите инфраструктурни проекти за да се обезбеди лесен трансфер на добра и патување низ целиот регион. Повеќе може да се направи и во однос на културната размена, подобрувањето на туристичките понуди преку регионален пристап или подобрување на административните процедури што можат да ја забрзаат и подобрат трговијата, инвестициите и соработката преку границите. Сите овие сегменти можат да извршат значително влијание врз економскиот развој на сите земји во регионот, како и на регионот во целина.

Конечно, постои потенцијал за поголема размена во справувањето со заеднички прашања, како што се сиромаштијата, дискриминацијата, невработеноста. Добрите практики мора да се споделат со соседите, заедно со научените лекции од оние коишто не беа успешни. Верувам дека сите влади во регионот имаат иста крајна цел - да ги подобрат животот и исходите на сите луѓе кои живеат во овие земји. Со зголемена размена меѓу нив, меѓу сите нас, во духот на Целта за одржлив развој 17, можеме да обезбедиме никој да не заостане.

**Росана Дуџак**
Постојан координатор на Обединетите нации во Северна Македонија

**Канцеларијата на Обединетите нации за проектни услуги (УНОПС)** набави и достави нова опрема за спроведување на анализи за животната средина до лабораторијата за хроматографски анализи на Институтот за хемија. Опремата, во вредност од 94.000 американски долари, е донација на Кралството Норвешка преку проектот „Нордиска поддршка за напредок на Северна Македонија“ и ќе се користи за независно следење и контрола на ефектите врз животната средина од процесот на расчистување на линданот во ОХИС. Лабораторијата за хроматографски анализи доби разновидна опрема како гасен хроматограф, семплери, концентратори, лабораториска опрема, растворувачи и стандарди кои ќе овозможат редовен мониторинг на емисиите на загадувачките супстанции во воздухот и почвата во согласност со мониторинг планот за отстранувањето на линданот од ОХИС . Паралелно на тоа, УНОПС исто така ќе ја поддржува лабораторијата во процесот на акредитација со цел методите што ги користи лабораторијата да се усогласени со највисоките стандарди.



УНОПС набави нова опрема за анализи за животната средина за Лабораторијата за хроматографски анализи.

**Фондот за деца на Обединетите нации (УНИЦЕФ)**, во партнерство со УСАИД и Фајнанс тинк, објави ажурирана анализа за социјалните и економските ефекти на КОВИД-19 врз децата, којашто првично беше презентирана во јули 2020 година. Додека владините социо-економски мерки за КОВИД-19 го ублажија влијанието врз екстремната детска сиромаштија, сè поголем број деца живеат под просечниот животен стандард. Понатаму, прекинот во услугите за социјална заштита и образование и намалената побарувачка на здравствени услуги ги изложуваат децата на дополнителен ризик како што продолжува пандемијата. На социјалните мрежи беа објавени видео записи и динамични инфографици, на кои се прикажани некои од актуелните резултати и препораки.

Во отворено писмо до сите кандидати за локални функции, претставничката на УНИЦЕФ, Патриција Ди Џовани отвори дијалог и повик со цел децата и младите да добијат централно место на претстојните локални избори.

Преку обука, повеќе од 50 претставници на организации на лица со попреченост, Владата, агенциите на ОН и други релевантни чинители, како и лица со попреченост, го зголемија разбирањето на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост (КЛПЛ) и целите на одржлив развој што ја вклучуваат и попреченоста. Оваа обука се одржа во текот на седмиците од 18 и 28 мај 2021 година, со следење на глобалната методологија на УНПРПД. Обуката им помогна на учесниците да стекнат општо разбирање за меѓуресорските пристапи коишто се основа за заедничките програми на УНПРПД, поставувајќи ги основите за следните две компоненти на почетната фаза: анализа на состојбата и подготовка на предлог-проект.

Во тесна соработка со Министерството за здравство, УНИЦЕФ ја финализираше дигитализацијата на системот за евиденција и извештаи, којшто сега е поврзан со другите модули во „Мој термин“. Овие модули се очекува да бидат во функција од јуни 2021 година. Упатството за родители исто така е дигитализирано и ќе обезбеди дополнителна помош за семејства со новороденчиња за тоа како да го следат здравјето и развојот на децата.

УНИЦЕФ успешно ја заврши третата фаза на интервенции за однесувањето за да го зголеми опфатот со МMР вакцината (прототипите вклучуваат информативни постери и летоци за родители во чекалните и вакциналните пунктови, како и потсетник „шатор“ за медицинскиот персонал со најчесто поставувани прашања). Во очекување е конечен извештај со препораки за распределба на материјалите низ целата земја.

Во мај и јуни 2021 година, УНИЦЕФ Северна Македонија и Министерството за образование и наука (МОН) организираа обука на обучувачи (ТОТ) за 36 професионалци од петте ресурсни центри низ целата земја, за понатамошна поддршка на овие центри во нивната нова функција како олеснувачи на процесот на инклузија во основните училишта. Обуката, која се спроведе преку 12 онлајн сесии за обука, имаше за цел да го зајакне знаењето на учесниците за практиките на инклузивно образование и да ги зајакне нивните вештини за олеснување, односно, подобро да ги подготви за нивната улога во вработувањето, обуката и управувањето со образовните асистенти што ги обезбедува државата во училиштата. Трансформацијата на поранешните специјални училишта во ресурсни центри за редовните училишта и наставници е дел од реформата на образованието поддржана од УНИЦЕФ, која се интензивираше со усвојувањето на Законот за основно образование во 2019 година, каде што се предвидува дека до 2023 година сите деца со попреченост во Северна Македонија ќе бидат вклучени во редовното образование.

Како дел од програмата поддржана од УНИЦЕФ за животна средина и едукација за климатски промени, финансирана од Владата на Шведска (СИДА), беше промовирана веб-страница www.climateedu.mk на која над 350 луѓе се обврзаа на поддршка на иницијативите за животната средина и климатските промени.

На 7 јуни, УНИЦЕФ ги објави новите истражувачки наоди, нагласувајќи го фактот дека децата кои следеле настава со физичко присуство во текот на учебната 2020/2021 година се соочиле со помалку тешкотии и покрај пократкото време на настава, и дека биле во можност да ги следат протоколи за заштита од КОВИД-19. Овие наоди заедно со другите податоци за „Искуствата и ставовите за учење на далечина“, што се воведе за време на пандемијата со КОВИД-19, ја нагласуваат важноста на подготовките за повторно отворање на училиштата за сите деца во септември.

Во текот на јуни и јули УНИЦЕФ во партнерство со кабинетот на Претседателот на Северна Македонија ќе одржи серија на младински консултации, и на децата и младите ќе им се даде простор да се вклучат во дефинирањето на визијата за својата иднина и идните генерации.

УНИЦЕФ во партнерство со Младинскиот културен центар изработи еко-програма што треба да се претстави за време на Cinedays, Фестивал на европски филм во Скопје (15 -21 јули) . Ќе бидат прикажани домашни и меѓународни еко-филмови, а ќе се организира и панел дискусија со експерти и филмски работници. Катчето со еко „Chill“ зона направено од отпадни материјали и инспирирано од филмски сет, исто така, ќе биде дел од Фестивалот.

Канцеларијата на **UN Women** од Северна Македонија учествуваше на првиот регионален состанок на Западен Балкан за проектот Инструмент за родова еднаквост во Неум, Босна и Херцеговина (10-11 јуни 2021 година).

UN Women ја прошири поддршката за примена на родово одговорно буџетирање во локалните процеси на креирање




Новата страница (www.climateedu.mk) создадена од УНИЦЕФ, а финансирана од СИДА

# ОН АКТИВНОСТИ (продолжува)

политики и буџетирање преку потпишување на меморандум за разбирање со 10 нови општини: Карпош, Струга, Старо Нагоричане, Македонска Каменица, Виница, Гевгелија, Чашка, Делчево, Македонски Брод и Кавадарци. Во месец јуни, UN Women организираше тридневна обука за 23 претставници од 10 ЕЛС за зајакнување на нивното знаење за вклучување на родот во локалните политики и буџети. Обуката беше дел од проектот „Промовирање на родово одговорни политики и буџети: Кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија", финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка и Шведската агенција за меѓународна соработка и развој (СИДА).

UN Women и Државниот завод за ревизија потпишаа Меморандум за разбирање во рамките на проектот за родово одговорно буџетирање, што ќе обезбеди рамка за зајакнување на капацитетите на ДЗР и систематска примена на родово одговорното буџетирање во редовните активности и годишните планови за ревизија. Во јуни, над 90 ревизори и вработени во ДЗР зедоа активно учество во обуките организирани во рамките на проектот. Планирани се повеќе активности и обуки за понатамошно зајакнување на улогата на ДЗР при извршување на родови ревизии.

ХЕРА ја организираше петтата и последна серија на обуки за зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за обезбедување специјализирани услуги на жртвите на насилство. ХЕРА е партнерска организација на UN Women во рамките на регионалниот проект EVAW, финансиран од Европската унија.

Хелсиншкиот комитет за човекови права организираше дводневна обука за зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за следење на спроведувањето на Истанбулската конвенција и изготвување извештаи во сенка на ГРЕВИО. Хелсиншкиот комитет е партнерска организација на UN Women во рамките на регионалниот проект EVAW, финансиран од Европската унија.

За да се одбележи „Светскиот ден без тутун" (31 мај секоја година), **Светската здравствена организација (СЗО)** организираше настан во партнерство со Институтот за јавно здравје, при што беа презентирани податоци за користењето на тутун во Северна Македонија и во светот, а СЗО го промовираше пакетот со алатки за откажување. Другите важни денови кои беа одбележани преку социјалните мрежи беа Светскиот ден на велосипедот (3 јуни), Светскиот ден на животната средина (5 јуни), Светскиот ден на безбедноста на храната (7 јуни) и Светскиот ден на крводарителот (14 јуни).




Промотивни материјали на СЗО од одбележувањето на Светскиот ден за борба против пушење

На 17 јуни, Др. Цихан Тавила, претставничка на СЗО во Северна Македонија, се сретна со претставници на македонското здружение на медицински сестри и акушерки и доби плакета со благодарница за континуираната поддршка на СЗО за медицинската професија во земјата. СЗО ја прогласи 2020 година за Година на медицинските сестри и акушерки, а 2021 година како Меѓународна година на здравствените работници и негувателите во знак на благодарност за нивната непоколеблива посветеност во борбата против пандемијата со КОВИД-19.

Хибриден настан на високо ниво, насловен како „Телесна автономија - основа на човековите права", организиран од **Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА)**, во соработка со Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, амбасадата на Франција, кабинетот на претседателот и канцеларијата на постојаниот координатор на ОН, се одржа на 10 јуни, во Скопје. Настанот ја одбележа една од Акциските коалиции на Форумот за генерациска еднаквост, ко-предводен од УНФПА, - Акциска коалиција за телесна автономија и сексуално и репродуктивно здравје и права, како ново партнерство на владите, вклучително и на Владата на Република Северна Македонија, граѓанското општество, Обединетите нации и приватниот сектор со цел да се унапредат правата на сите жени и адолесценти девојки. Настанот можеше да се следи виртуелно на три јазици - македонски, англиски и француски.

По објавувањето на Извештајот за глобалните трендови за 2020 за присилното раселување, Високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации или агенцијата за бегалци на ОН (УНХЦР) го одбележаа Светскиот ден на бегалците со разни активности за подигање на свеста, вклучително и медиумски настапи, како што е интервјуто на претставничката г-ѓа Моника Сандри за МИА.




Глобални трендови за присилно раселување 2020 УНХЦР извештај

**Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП)** ја возобнови единствената детска градинка во општина Шуто Оризари со поддршка од Кралството Норвешка откако беше опожарена во 2017 година. Во рамки на возобновената детска градинка се наоѓа и Дневниот центар за поддршка на деца во ризик, каде што ќе се обезбедува грижа и образовни активности за околу стотина деца во ризик на возраст од 5 и 13 години. Откако беше воспоставен процесот за држење настава на далечина во Северна Македонија за време на пандемијата, овие деца во ризик беа повторно оставени да учат сами преку уредите, што доведе до напуштање на нивните наставни практики поради затворањето на училиштата и недостиг на соодветна ИТ опрема за да се олеснат образовните активности во иднина. УНДП сега организира иницијатива за групно финансирање со цел децата од Шуто Оризари да добијат шанса да го продолжат наставниот процес, да стекнат нови вештини и да ги избегнуваат улиците.

**Програмата за животна средина на Обединетите нации (УНЕП)**, во соработка со Министерството за животна средина, го спроведе последниот модул за обука за ренџери на 10 и 11 јуни 2021, во рамки на проектот ГЕФ/СТАР5, во хотел „Скардус" – Попова Шапка како дел од идниот национален парк Шар Планина. Обуката е посебно дизајнирана според потребите за управување со заштитените подрачја.




Иницијативата на УНДП за групно финансирање е достапна тука

# Национална развојна стратегија 2021-41
## Заедничка долгорочна визија за развој

Заедничката анализа за земјата, подготвена на почетокот на 2020 година за да се утврди контекстот во Северна Македонија - Рамка за соработка за одржлив развој на ОН (ОН РСОР) 2021-2025, идентификуваше отсуство на долгорочна развојна визија како еден од клучните предизвици за одржлив развој во земјата. За кусо време потоа кризата со КОВИД-19 ја изобличи нашата реалност. Ранливостите за кои бевме свесни беа дополнително разоткриени, а некои нови излегоа во прв план, но начинот на кој размислуваме за нашата иднина и начините за справување со предизвиците целосно се променија. Во овој контекст, соодветно подготвената долгорочна стратегија којашто ја утврдува насоката на дејствување во рамките на инклузивен и транспарентен процес, прифаќајќи дека иновациите и флексибилноста ќе останат релевантни во следните 20 години, може да претставува огромна можност да се обезбеди континуитет и стабилност на патот кон развојот на Северна Македонија.

За восхит е тоа што националните власти изразија силна посветеност да се искористи оваа можност, започнувајќи го процесот на формулирање на Националната развојна стратегија (НРС) 2021-2041 заснована на четири клучни принципи. Првиот принцип е да се обезбеди силна национална сопственост, со процес предводен од клучните национални чинители, вклучително и државните органи, академските институции, бизнисот и граѓанското општество. Второ е да се обезбедат широки и темелни консултации, работејќи со максимален број чинители за да се постигне и отслика меѓу-генерациски, меѓуетнички, меѓупартиски, географски и родов консензус. Додека процесот и стратегијата мора и понатаму да се опсежни и да го опфаќаат целото општество, владите во следните 20 години ќе имаат важна улога да ги преточат приоритетите во политики, тестирајќи и дизајнирајќи ги најдобрите начини за постигнување на консензуално договорените долгорочни цели. Третиот принцип се однесува на обезбедување на рамка за тековните процеси, вклучувајќи ги и пристапувањето во ЕУ и Агендата 2030 и да се обезбеди влијание, наместо дуплирање на стратешките документи и иницијативи што веќе постојат во земјата. Четвртиот принцип се однесува на иновативноста, и учење од меѓународните трендови, модели и искуства и тие да се вклопат во националниот контекст за стратешко планирање.

Процесот беше поделен во две фази за да се обезбеди соодветно внимание и на дизајнот на методологијата и на последователниот процес на формулирање и имплементација, заедно со парламентот, локалната самоуправа и академијата коишто беа вклучени од самиот почеток. Првата фаза беше наменета за развој на иновативна методологија и оперативна структура за да се обезбеди најдобра имплементација. Оваа фаза е речиси финализирана во рамки на спроведениот проект на УНДП, со финансиска помош од Обединетото Кралство, во која голем тим меѓународни и национални експерти направија обемни анализи што резултираа со предлог за нова и иновативна методологија и оперативна рамка што ги рационализира и внесува иновации во тековните структури наместо да се создаваат нови.

Методологијата го користи економскиот модел крофна на Кејт Раворт како инспирација, и главно како алатка за идентификување на ризиците и можностите во текот на временскиот период и градење на способности за еластичност при справување со неизвесноста. Овие повторливи проценки ќе го постават контекстот за темелен развој, односно, статус кога ќе се исполнат сите дванаесет социјални основи без да се надмине ниту еден од деветте еколошки прагови, што всушност претставува зелената површина помеѓу двата прстена, и истото се смета за безбеден и праведен простор за човештвото. Од суштинско значење е да се прифати дека нацијата од 21 век претставува систем во кој се вкрстени и меѓусебно поврзани разни ранливости, што бара длабока трансформација на кодот, со градење способност за соработка на хоризонтално и вертикално ниво низ општеството. Во тој контекст, клучната иновација во методологијата на НРС е дека со неа се поставува жив, развоен процес (наместо само еден документ) за да се обезбеди дека визијата е релевантна за 20 години, како што е и во сегашноста. Тоа ќе се постигне во пет чекори, почнувајќи од i) логичност (1-3 м); ii) замислување на иднината (9-12 м) и iii) донесување одлуки (1-12м) за да се формулира стратегијата што потоа ќе се примени во текот на целиот процес на имплементација придружено со iv) (политики) експериментирање и v) учење и развој.

Предложената оперативна структура ги проширува и рационализира постојните структури на стратешко и оперативно ниво, но исто така воведува нови функции како што се четиристран спирален совет за консултации, иновации во политиките и советници за податоци координирани од единицата за НРС во рамките на Генерален секретаријат на Владата. Посебно внимание на пристапувањето во ЕУ ќе биде обезбедено преку советник за ЕУ. Процесот на консултации и копродукција вклучува дигитална платформа за ангажман и околу 50 апликации во формат на „четиристрана спирала", организирани во период од најмалку 9 месеци низ целата земја, за да се обезбеди најшироко учество на засегнатите страни. Тоа вклучува активна, постојана и ефективна комуникација со јавноста за да се обезбеди заедничко разбирање, прифатеност и учество во секое време.

Втората фаза на проектот е во последната фаза на подготовка и треба да започне веднаш по одобрувањето на методологијата од страна на националните засегнати страни, односно втората половина од 2021 година. УНДП ќе продолжи да го спроведува проектот и, во соработка со канцеларијата на постојаниот координатор, ќе ги вклучи колективните и тематските знаења на сите агенции на ОН во земјата за да се обезбеди дека постојните иницијативи за одржлив развој се вклучени во долгорочната визија. Покрај Обединетото Кралство, одреден број други стратешки партнери и донатори исто така покажаа интерес за поддршка.

Прочитајте повеќе на сродни теми тука и овде.

# ВО ФОКУС **Крај на бездржавјанство**

Рестриктивните мерки за КОВИД -19 направија да се чувствуваме немоќни и речиси стана невозможно за многумина од нас да ги задоволиме своите основни потреби. За лицата без државјанство, тоа е секојдневна борба.

Кои се лица без државјанство? Според Конвенцијата од 1954 година во врска со статусот на лица без државјанство, лице без државјанство е „лице кое не се смета за државјанин на ниедна држава". Државите имаат привилегија да одлучуваат кои се нивните граѓани, но тие исто така имаат одговорност да ги спроведат потребните правни и политички реформи со цел ефикасно се обезбеди дека луѓето нема да останат без државјанство. Кои се причините за бездржавјанството? Празнините и судирот меѓу законите за државјанство се главната причина за бездржавјанство; неспроведувањето на регистрација на родените може да ги изложи децата на ризик да немаат државјанство, а појавата на нови држави и промената на границите исто така може да доведат до ситуации без државјанство. Лицата без државјанство имаат тешкотии во пристапот до основните права како што се образование, здравствена заштита или пристојната работа поради недостаток на документација.

УНХЦР постави амбициозна цел да се стави крај на бездржавјанството во светот до 2024 година со својата кампања #Јас припаѓам. За да се постигне оваа цел, УНХЦР во консултација со државите, агенциите на ОН, меѓународните организации и граѓанското општество, разви глобален акциски план со којшто се воспостави водечката рамка за 10 активности што треба да ги преземат државите за да се стави крај на бездржавјанството. На глобално ниво, УНХЦР и УНИЦЕФ ги здружија силите и формираа Коалиција која има за цел развој, проширување и зајакнување на меѓународната соработка за подигнување на свеста за борбата против скриениот проблем на бездржавјанство во детството. Исто така, целта е да се унапреди правото на секое дете да добие државјанство.

Во Северна Македонија, населението кое е изложено на ризик од бездржавјанство се состои од две групи: лица кои не биле регистрирани при раѓање и немаат изводи од матичните книги и лица со неодредено државјанство поради распадот на поранешна Југославија. Проблемот со недокументирани лица честопати се наследува со генерации, бидејќи лице кое е нерегистрирано не може да ги регистрира своите деца при раѓање. Според податоците на УНЦХР и правниот партнер, Македонското здружение на млади правници, има околу 558 лица изложени на ризик од бездржавјанство кои се идентификувани од двете организации. Владата објави јавен повик во 2018 година со цел лицата кои не биле регистрирани при раѓање да се пријават во најблиската канцеларија при управата за водење на матични книги. Околу 760 лица се јавија на повикот, а на 250 од нив им беше разјаснет статусот. Во 2020 година, Владата усвои Закон за нерегистрирани лица во евиденцијата на матичните книги на родени (lex specialis) како привремено решение за да се овозможи пристап до четири права (вработување, социјална заштита, образование и здравствена заштита) на лицата идентификувани со јавниот повик додека не се добијат целосна граѓанска регистрација; 250 лица ги искористија одредбите од овој закон.




Високиот комесар за бегалци на ОН, Филипо Гранди, рече: „За да заштитиме и спасиме животи, ги повикуваме владите да го разрешат бездржавјанството и да обезбедат дека никој нема да заостане". Имајќи ја предвид големината на проблемот и фактот дека Северна Македонија е потписник на двете конвенции за бездржавјанство, Конвенцијата од 1954 година за статусот на лица без државјанство и Конвенцијата за намалување на бездржавјанството од 1961 година, УНХЦР силно верува дека состојбата со бездржавјанство може да се надмине и лесно да се разреши преку соодветни законски иницијативи за соодветно евидентирање на лицата изложени на ризик од бездржавјанство.


The latest version of the Sustainable Development Bulletin is available on UN North Macedonia website. For additional information, please contact rc-northmacedonia@un.org. Produced by the UN Resident Coordinator's Office in North Macedonia | 10 June 2021


**www.un.mk**